**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ,**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Коста Новаковиќ 22а, Скопје**
**Тел: (02) 2465 316; Тел/Факс: (02) 2463 900**
info@childrensembassy.org.mk; www.childrensembassy.org.mk

# ЗАВРШЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2007 ГОДИНА

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Скопје, декември 2007 година

**С О Д Р Ж И Н А**

***0800 1 2222-БЕСПЛАТЕН СОС ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ..........................................................................................................................3***

***БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ПРИ ПДАС- МЕЃАШИ...............................6***

***ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ…………………………………………….…11***

***ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА АКЦИЈА 2007 "ПРИДРУЖЕТЕ СЕ – ОБРАЗОВАНИЕ СЕГА"...................................................................................14***

***ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА..………………………………..15***

***ДЕТЕТО-СВЕДОК КОЈА БАРА ПОСЕБНА ГРИЖА.......…………………..16***

***ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО...................................................17***

***ПРОСЛАВА НА 15-ОТ РОДЕНДЕН НА ДЕТСКАТА АМБАСАДА.................18***

***ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА..........................................19***

***АКТИВНОСТИ ЗА СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА И САМООДРЖЛИВОСТ........21***

**ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА СИТЕ ДЕЦА ДО МОДЕРНАТА ТЕХНОЛОГИЈА..........................................................................................23**

***УЧЕСТВА НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, КОНФЕРЕНЦИИ..........................24***

***ПАРТНЕРСТВА, ДОНАЦИИ, СПОНЗОРСТВА..............................................29***

***НОВИ ЧЛЕНСТВА..........................................................................................32***

***СОРАБОТКА НА МЕЃАШИ СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА РОИДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО АУТИЗАМ.........................................................................................33***

## *МИСИЈА*

Рвата детска амбасада во светот-Меѓаши е невладина организација чија цел е заштита на децата и нивните права и зајакнување на НВО движењето за правата на детето во Република Македонија. Амбасадата се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на најдобрите интереси и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Амбасадата ги поврзува децата од различни меридијани и го збогатува животот на децата со содржини кои детството го прават среќно, творечко и радосно.

## *0800 1 2222-БЕСПЛАТЕН СОС ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ*

СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 кој што функционира во рамките на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е прв бесплатен телефон за деца и млади во земјава кој континуирано функционира веќе 15 години. Досега на телефонот се имаат јавено над 17 000 деца и млади во врска со проблеми позрзани со насилство (физичко, сексуално и психичко), проблеми во семејството, со другарите, училишни проблеми, љубовни, лични и други проблеми. Од почетокот до денес имаат волонтирано околу 120 млади луѓе (психолози, педагози и социјални работници).

Оваа година СОС телефонот беше финансиран од Македонски Телекомуникации и Агенцијата за млади и спорт.

Во текот на 2007 година се регистрирани 361 повик. Иако нашата линија е отворена за сите возрасни групи на деца и млади најфрекфентни соговорници и оваа година како и претходните се адолесцентите. Најголем дел од јавувачите се од женски пол иако не постои голема разлика во однос на бројот на повиците остварени од јавувачи од машки пол.

Процентуално најголем дел од јавувањата се за семејни односи (24,62%), потоа за злоупшотреба и насилство врз деца (13,43%), комерцијална експлоатација/проституција, педофилија, питачење (9,32 %) и финансиски проблеми (7.46%). Интересно е да се забележи дека во текот на оваа година има јавувања за сексуалност и сексуални информации во споредба со претходните години кога воопшто немало.

Насилството за кое се јавуваа децата се случувало најчесто во: училиштата, семејството, на улица. За случаите за кои од СОС службата беше побарана поддршка за заштита на детските права ПДАС Меѓаши соработуваше со Народниот правобранител, а за одредени случаи кога беше потребно нашата комуникација беше свртена кон: полицијата, судовите, центрите за социјална работа и други институции.

| **ВИД НА ПРОБЛЕМ** | **ПРОЦЕНТИ** |
|---|---|
| **1. Злоупотреба и насилство** (физичко, сексуално, емоционално, силување, инцест) | 13,43% |
| **2. Дечко/девојка релации** | 5,97% |
| **3. Психосоцијално, ментално и физичко здравје** (самоубиство, депресија, фобии, опсесии, страв и анксиозност, недостаток на самодоверба, идентитет) | 5,59% |
| **4. Информации за СОС телефонот** | 1,12% |
| **5. Фамилијарни односи** (семејно насилство, старателство, конфликти/проблеми, разведени родители) | 24,62% |
| **6. Прани работи** | 3,73% |
| **7. Користење и злоупотреба на психотропни супстанции** (зависници, информации за зависност) | 1,52% |
| **8. Финансиска помош** | 7,46% |
| **9. Училишни проблеми** (потешкотии, проблеми со учителите, насилство меѓу врсници, дискриминација, домашни задачи, анксиозност од истапување) | 7,08% |
| **10. Односи помеѓу врсници** (насилство надвор од училиште, проблеми со другари, пријателство) | 1,49% |
| **11. Бездомници/базични потреби** (потреба за згрижување, отфрлено дете, деца кои бараат храна, смрт на дете) | 1,49% |
| **12. Комерцијална експлоатација/проституција, педофилија, питачење** (киднапирање, трговија со деца, злоупотреба на детски труд, просење, деца кои се користат за криминални дејства) | 9,32% |
| **13. Друго** | 5,97% |
| **14. Сексуалност и сексуални информации** (информации, бременост, контрацепција, сексуално преносливи болести) | 5,59% |
| **15. Детска деликвенција** (деца во конфликт со законот) | 1,49% |
| **16. Барање информации** | 5,22% |
| **Вкупно** | 101,09% |

Споредбено со минатата година зголемен е процентот на јавувања за фамилијарни односи (за 15,36%), комерцијална експлоатација на деца (за 7,43%), сексуалност и сексуални информации (во 2006 година немало воопшто јавувања, а во 2007 има 5,49%), училишни проблеми (за 3,57%) и тн.

Намален е процентот на јавувања годинава во однос на минатата година за дечко-девојка релации (за 13,12%), информации за СОС телефонот (за 7,93%), злоупотреба и насилство на деца (за 6,95%), психосоцијално и ментално здравје (за 4,56%) и тн.

И во однос на јавувањата за останатите видови проблеми постојат одредени разлики меѓутоа тие разлики се незначителни.

СОС телефонот во 2007 година беше координиран од Дејан Бујишиќ и Кристина Капсарова.

## Реализирани активности

- Од 28 – 31 мај 2007, Гордана Пирковска Змијанац и Невенка Стефановска добија обука низ работа во нашата партнерска организација **ISPCC** во Даблин, Ирска. Обуката се состоеше од два посебни модули – за СОС линија и за собирање фондови за поддршка на програмските активности. Гордана Пирковска Змијанац, како Програм Менаџер во Амбасадата Меѓаши го посети програмскиот дел на ISPCC – односно нивните 4 сервиси за помош на деца (Childline, 4me!, ChildFocus, Leanbh) додека Невенка Стефановска, менаџер за промоција и собирање средства се обучуваше во одделот за собирање средства. Во пријатна и опуштена атмосфера, тренингот кој траеше 2 дена имаше за цел да ги поддржи нашите сродни активности. Обуката низ работа во организација која постои веќе 150 години беше прекрасно искуство за нашите учесници. За време на нивниот престој, обучувачите од ISPCC несебично го открија начинот на кој сите нивни програми функционираат и ги опремија со сите потребни прирачници и работни материјали.
- **24-26 јули**, на дводневна посета беа Шивон Едвардс и Кира Риџ од нашата партнерска организација за оваа година - International Society for Prevention of Cruelty to Children од Ирска. Еден дел од нивната посета беше пренесување на искуството на волонтери на СОС телефонот за деца и млади (0800 1 22 22). За нив беше одржана и работилница за активно слушање и вештините на активно слушање, како една од 17-те обуки кои ISPCC ги спроведува за волонтерите на нивната СОС линија. Оваа обука е признаена и верифицирана од познатиот Тринити Колеџ од Ирска. Другиот дел од посетата се однесуваше на фандрејзинг обука. Во рамките на нивната посета беа запознаени и со другите активности и услугите кои ги нуди Детската амбасада во моментов.
- Првата детска амбасада во светот - Меѓаши започна со **кампања против насилството врз децата** во Македонија. Поттикнати од случувањата во кои две деца беа малтретирани до смрт и од поразително зголемениот број на број на јавувања поврзани со насилство (18,6 во 2006 за разлика од 2% во 2000 година) на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 22 22 (бесплатна линија), одлучивме да стартуваме со кампања за подигање на свеста за потребата од заштита на децата од секаков вид на насилство, како и поттикнување на граѓаните да го пријават насилството. Распоредени на различини локации околу центарот на Скопје, еден месец можеа да се забележат 15 билборди со пораките: **“СТОП! На насилството врз децата!”** и **“Дали денеска го гушнавте вашето дете?”.** **„Дали денес го гушнавте вашето дете?"** е една од двете пораки кои беа поставени на билбордите во нашиот град. Целта на оваа порака, како и на другата **Стоп!На насилството врз децата**, беше на возрасните да им се посочи колку е важно на децата да им се посветува внимание , особено бидејќи динамиката на денешното живеење тоа се помалку го овозможува. Со оваа порака се надеваме дека допревме до сите оние кои имаат или работат со деца но и до оние кои не посветуваат доволно внимание и грижа за своите деца, а на кои таа им е повеќе од потребна.

Од 2005 година поставена е бесплатна телефонска линија 0800 1 2222 од страна на Македонски Телекомуникации. Со оваа линија се постигна СОС телефонот да стане подостапен за децата и младите, посебно оние од пониските слоеви. На оваа бесплатна линија може да се јават и оние на кои им е исклучен телефонот поради неплатени сметки.

Освен од Македонски Телекомуникации, работата на СОС телефонот е поддржана и од Агенцијата за млади и спорт, од која добиваме финансиска помош за дел од трошоците во времетраење од една година.

Им благодариме

## *БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ПРИ ПДАС- МЕЃАШИ*

Во 2007 година правната служба на Детската амбасада реагирала во 63 случаи каде имало прекршување на детските права. При тоа во 38 случаи биле испратени барања, во 22 случаи претставки и во 3 случаи дадено е правно мислење и помош на странки. Барањата се најчесто испратени до Центри за социјална работа за случаи во кои било спорно старателството над децата и не бил земен предвид најдобиот интерес на децата, потоа за семејно насилство врз деца, злоупотреба на детски труд, попречување на правото на гледање на едниот родител. Во 5 случаи било испратено барање до училишта поради физичко и психичко насилство од врсници. Испратени се и барања до Италијанска амбасада поради одвојување на дете од родител кој живеее во Италија. За случај на сексуална злоупотреба на малолетник и спратено е барање до МВР. Останатите барања се испратени поради отворање на прифатилиште за кучиња скитници во близина на живеалишта со што би се загрозило здравјето на децата, пречки во оставрувањето на правото на детски додаток, забрзување на судска постапка и финансиско олеснување на ученичка со физички пречки во развој.

Претставките се најчесто испраќани до Народниот Правобранител кога биле повредени правата на децата од државни органи. Реакциите се однесуваат на случаи кога била злоупотребена службена должност и тоа во случаи на физичко насилство врз деца под институционален третман, физичко и психичко насилство врз деца од страна на нивните родители, насилство во училиште од наставниот кадар, злоупотреба на деца во политички цели, вонбрачни заедници со малолетници, сексуална злоупотреба на малолетник. Претставка е испратена и до Министерство за образование поради дискриминација на ученици од страна на наставен кадар.

Покрај претставките и барањата, бесплатната правна служба во Детската амбасада дава и правно мислење и изготвува правни документи за потребите на барателите на услуги. Со иницијативата за донесување Закон за бесплатна правна помош, ќе биде овозможено и застапување на лица социјално необезбедени во рамките на судските процедури.

Дел од случаите проследени од правната служба при ПДАС-Меѓаши за овој период:

- **Занемарено дете**

На 20.11.2006 пријавен е случај на занемарена 20 годишна девојка која боледува од атрофија на мускули. Случајот го пријави нејзиниот брат М.З кој објасни дека неговата сестра живее со нејзиниот татко кој бил агресивен и неодговорен човек. Тој не водел грижа за неговата ќерка, не ја води на лекарски прегледи, не ја храни и воопшто не се грижи за нејзиниот социјален развој. Девојчето на учи средно школо и има запоставен социјален живот.

Правната служба во моментов бара најдобри можни решенија согласно законите за Здравствено осигурување и Законот за социјална заштита со цел да и се обезбеди најдоброто можно решение во соработка со надлежните центри за социјална заштита.

Во март 2007 обавивме посета на нивниот дом заедно со претставник од месно надлежниот ЦСР. И по сите охрабрувања на таткото да користи некои од правата на социјална заштита како еднократн парична помош или услуги на денвниот центар на деца болни од мултиплекс склеоза сепак тој не прифати ниту еден од советите за одговорно родителство.

Му дадовме краток рок, а потоа би превземале мерки за утврдување одговорност на таткото поради неисполнување на своите родителски должности.

- **Физичко насилство врз малолетник**

Таткото пријави физичко насилство врз неговиот син од страна на сосед. Истиот се заканувал дека ке продолжи да го тепа детето. За случајов го ангажиравме адвокатот Атанас Стојаноски, надворешен соработник на Амбасадата Меѓаши кој ги застапува бесплатно пред судските органи.

- **Напуштени деца**

Такото родител ги напуштил своите две малолетни деца на возраст од 10 и 12 години. Таткото повеќе години работел во Швајцарија и по смртта на нивната мајка ги земал децата да живеат со него во Швајцарија. По една посета на својата тетка во Македонија, таткото заминува во Швајцарија понесувајки ги пасошите на децата со себе, а нив ги оставил на чување кај нивната тетка.

За случајов кој децата директно го пријавија во нашата Амбасада побаравме достава на информација од надлежнопт Центар за социјални работи. По проверка на доставените докуметни утврдивме дека за случајот е потребно да се формира мешана комисија на Македонскиот и Швајцарскиот Центар за социјални раби, по можност и на ниво на Министерства за труд и социјална политика со цел случајот усшешно да се разреши. Иако постои основ да се поднесе тужба за одземање на родителскот право преку Јавното Обвинителство, сепак во разговорите со Социјален работник од центарот утврдивме дека тоа не е решение на овој проблем, бидејќи потребно е децата да одат кај нивниот татко и да го продолжат образованието тамо. Подготвени сме на барање на Центарот

за социјални работи да им дадеме толкување на Меѓународните документи за решавање на проблемите на родителството кога децата и родителот живеат во различни земји.

- **Физичко насилство врз штитени на дом за деца**

На 08.05.2007 г. на СОС телефонот за деца и млади 0800 12222 при нашата Амбасада примивме повик во кој бевме известени дека штитеник на домот 11 Октомври бил претепан од страна на друг штитеник на домот. Јавувачот не извести дека одговорните во домот не превземале ништо за пријавување на настанот во полиција, ниту обезбедиле навремена здравствена заштита за детето со изговор дека тоа ќе го сторат доколку таковиот инцидент се повтори.

Според исказот на јавувачот штотеникот бил истепан од постарото дете на 03.05.2007г., и покрај телесните повреди дури на 07.05.07г. бил однесен во болница.

При пријавувањето на овој случај во полициската станица во Центар,бевме известени дека пред нашето јавување случајот не бил пријавен во полициската станица. При повторно јавување во одделот за малолетничка деликвенција при МВР, каде дополнително го пријавивме овој случај, не известија дека на денот на настанот инспекторите за малолетничка деликвеницја уредно си ја завршиле својата работа на теренот.

Во состојаба на контрадикторни информации го замоливме Народниот Правобранител да превземе мерки од својата надлежност со цел овој случај да се разоткрие и да се превземат мерки за заштита на детето согласно член 19 од Конвенцијата за заштита на детето.

- **Запоставено дете**

Детската амбасада-Меѓаши реагираше и испрати претставка до Народниот правобранител во врска со случајот објавен во медиумите за девојчето В.Д. од Тетово кое поминало десет дена покрај мртвата мајка. Центарот за социјална работа од Тетово одлучи девојчето да биде сместено во Ј.У. за деца со воспитно-социјални проблеми “25 Мај”.

Ние сметавме дека тоа не е соодветна институција и во претставката до Народниот правобранител предложивме девојчето да биде сместено во згрижувачко семејство или во СОС Детското село. Истиот став телефонски му го пренесивме на директорот на Центарот за социјална работа од Скопје. На 21 јуни добивме известување од Правобранителот дека по преземените мерки во негова надлежност девојчето е сместено во СОС Детското село каде биле направени мултиконзилијарни испитувања од здравствен и психо-социјален аспект и сега со неа работат стручни тимови за семејна терапија. Од СОС Детското село ни кажаа дека В.Д. напредува одлично и нејзиниот развој е соодветен на нејзината возраст. Иако на почетокот била многу повлечена, таа сега е добро прилагодена, редовно посетува училиште и има воспоставено добра комуникација со СОС мајката и останатите деца.

Покрај бесплатна правна помош, преку правната служба беа спроведени и следните активности (трибини, реакции, соопштенија):

- ✓ На 18 јануари 2007г., Советот за радиодзаифузија во соработка со Ротари клуб - "Камен Мост" - Скопје и Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, организираа **трибина** на тема - **"Зашита на малолетната телевизиска публика од програми штетни за нејзиниот психо-физички развој"**. Трибината беше дел од јавната расправа во врска со донесувањето предлог-правилник за заштита на малолетната публика од програми кои можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и/или морален развој .Учество земаа повеќе медиуми, институции и организации од Република Македонија, меѓу кои и: Првата програма на Македонското радио, Првата програма на Македонската телевизија, ТВ Телма, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ А1, ТВ АлСат-М, радио Канал 77, Организација на потрошувачите, Факултетот за драмски уметности, НВО "Цивил", Народниот правобранител. Правилникот претставува операционали-зација на одредбите од член 71, став 3 од Законот за радиодифузната дејност, како легална основа што го овластува Советот за радиодифузија да изготви задолжителни правила за класификација на телевизиската програма, согласно со очекуваниот состав на публиката во различни периоди од денот.

  **Категории, програми и временски периоди:**

  **Прва категорија** - се емитува во текот на целото деноноќие;

  **Втора категорија** - се емитува во периодот од17:00 до 05:00 часот;

  

**Трета категорија** - се емитува во периодот од 21:00 до 05:00 часот;

  

**Четврта категорија** - се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот;

  

**Петта категорија** - се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот

- ✓ Соопштение до јавноста по повод **12 јуни Меѓународен ден против злоупотреба на детскиот труд и 20 јуни-Меѓународен ден на бегалците**

- ✓ Остра реакција и осуда за **злоупотребата на децата во политички цели** од страна на министерот за одбрана на Република Македонија и Детската амбасада за сите деца во светот од Прилеп
- ✓ **Реакција** по повод трагичната смрт на 13-годишното дете Авни Адеми од Гостивар Овој случај е уште една потврда дека **злоупотребата на детски труд** во Република Македонија е реалност**.** Ова е драстичен пример за кршење на одредбите од Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата против најлошите форми на детски труд (182) и на Националните закони (посебно драстичен заради трагичниот резултат на повредите на правата на детето – со смртни последици). Генералниот заклучок е дека за жал сеуште, кај поголемиот број работодавачи отсуствува елементарното знаење, сфаќање и почитување на Законот за работни односи кој децидно вели дека е забрането вработување на деца под 15 години и Конвенцијата 182 Против најлошите форми на детски труд– ратификувана од Собранието на РМ во 2001 година. Поради тоа, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши го повикува Јавниот Обвинител да преземе мерки согласно националните Закони и меѓународните регулативи, односно да поднесе кривична пријава против сопственикот на сервисот за миење автомобили. Хелсиншкиот комитет ја поздрави брзата реакција на Првата детска амбасада во светот Меѓаши за овој и за случајот на злоупотреба на децата во политички цели.
- ✓ Соопштенија до јавноста по повод: 17 октомври**-Светски ден за борба против сиромаштијата,** 19 Ноември **Светски ден за превенција од злоупотреба на децата** и 20 Ноември ***Светски ден на детето***
- ✓ **Реакција** од страна на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) по повод **судењето за убиството на двете деца** и едно полнолетно лице.
- ✓ **Реакција до медиумите** во врска со информациите објавени во медиумите **<u>за иселувањето на Ромите кои живеат под мостот Близнак</u>** во општината Аеродром. Во печатените медиуми општината Аеродром повика помош од други институции и граѓански организации за решавањето на овој проблем, а единствената улога на општината ја гледаа во рушењето на нивните импровизирани живеалишта. Од општината изјавија дека тоа се жители протерани од населбите Гази Баба и Кисела Вода, но не го нагласија фактот дека дел од тие семејства на тој простор живеат повеќе од 5 години. Тие се тука, а општината кога ги руши само се пеместуваат, но остануваат во т.н. Картон маало.Со постојано рушење на овие живеалишта се оневозможува правилен развој на децата и им се скратуваат многу права. Детската амбасада потенцирше дека проблемот не се решава со рушење туку само се наметнуваат дополнителни проблеми. Состојбата со живеалиштата во т.н. Картон маало треба да се решава соодветно на Стратегијата за Ромите. Ова е прашање кое бара вклучување на повеќе институции, но не на начинот на кој предложуваат од Општината Аеродром.
- ✓ Информација до јавноста за воведувањето на институцијата **Претставник на Генералниот секретар на ОН за борба против насилството врз децата** чија задача е да укажува на сите облици на насилство врз децата и да бара нивно отстранување.

Бесплатната правна служба беше координирана од Славе Николовски и Андријана Рушити.

## *ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ*

Детските работилници се една од првите активности на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши. Тие функционираат веќе 14 години и претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со низок економски статус заедно дружејќи се преку разновидни активности според нивните интереси и со употреба на соодветни прирачни средства да ја развијат својата креативност и фантазија. Сите работилници беа водени од волонтери/ки:

- компјутерска работилница: Јован Мазгански, Ирена Пеиќ, Александра Зикова;
- англиски јазик: Кристина Крстевска, Драгана Митовска, Славица Јосифовска, Наташа, Александра, Стрилка Рогушева;
- албански јазик: Шерибан, Фросина Пандурска;
- германски јазик: Славица Јосифовска, Маја;
- едукација за човекови вредности: Ѓурѓица, Елена, Лидија Балтовска;
- ликовна: Слаѓана Кировска ;
- оригами: Јулијан Кашовски;
- математика: Елизабета Цакончева, Марина, Борче Милчески;
- допишување со непознато другарче: Борче Стојановски;
- спортска: Андријана Колевска, Гордана, Тамара, Билјана Ѓорѓевска, Енџи;
- астрономија: Борче Милчески;
- за добро здравје: Гоце Талевски;
- грчки јазик: Цветковска Ирена;
- применета уметност: Шадија Дервишевиќ;
- француски јазик: Еми;
- литературно-драмска и бон-тон: Еми, Тања Јаневска, ;
- новинарска: Маја Секулоска;

Во 2007 година вкупно 220 деца ги користеле услугите на Детските работилници. Секоја група во работилниците е составена од 10-15 деца, на возраст од 4-16 години, еднакво застапени и девојчиња и момчиња. Вкупниот број на работилници неделно изнесува 27, а биле реализирани од 33 волонтери/ки.

Покрај посетата на работилниците ги организиравме и следниве активности:

- **Март-** посета на екстрим клубот во Машински факултет каде децата членови и нивните родители како и вработените од Детската амбасада имаа можност за се запознаат со екстремниот спорт-вештачка карпа
- **Април-** посета на Марива клубот каде децата членови и нивните родители како и вработените од Детската амбасада имаа можност за се запознаат со спортот бадминтон.
- **Мај-**по повод 15 годишнината на Детската амбасада, во свечената програма учествуваа и децата членови на Детските работиулници со четири работилници по применета уметност и оригами.
- **Мај-** децата членови на работилниците За допишување и Литературно драмска, беа гости на промоциите на новите албуми на пејачите Јован Јованов и Ноне.
- **Деветти јули-** Детските работилници со пригодна програма се закитија со дипломи. Дипломите претставуваа завршен чекор, во претходниот деветомесечен труд што го вложија децата членови на Детските работилници, волонтерите, родителите и вработените. Програмата беше во два дела. Првиот дел претставуваше колаж на забавно едукативни игри со обележје на две култури. Имено, младите извидници од Франција, на својот прв ден од посетата во Скопје, се претставија себеси, својата земја, извидништвото и карактеристичните групни игри со кои си играат децата во Франција. На взаемно задоволство, децата, нивните родители, волонтерите, гостите на програмата и младите извидници од Франција, уживаа во прекрасните мигови на дружење, размена на искуства и нови доживувања. Во вториот дел од програмата децата членови на Детските работилници и нивните волонтери се претставија со содржински точки. Се рецитираше на албански јазик, се пееше на англиски јазик, видовме како изгледа запознавање на германски јазик, се читаа писма, учевме низ драма за убавото однесување и се насладувавме на глетката што ја прикажуваа прекрасните цртежи од ликовните работилници, кои беа изложени на паноа. По секоја изведена точка, им беа врачени дипломите на децата членови, од својата работилница. Таа вечер, доделивме и благодарница на нашиот социјално одоговорен бизнис партнер Космофон. Со тоа се потврди взаемната соработка и поддршка.
- **9-21 јули**: во соработка со Сојузот на извидници на Македонија во Детската амбасада Меѓаши гости беа пет волонтери, Клер, Мартин, Климент, Флоријан и Пуле, извидници од Франција. Во рамките на својот престој тие организираа креативни работилници на различни теми, а целата работа беше заокружена со забава која децата заедно со волонтерите ја организираа. На работилницита дневно присуствуваа 35 деца од Дневниот центар за деца на улица во Кисела Вода, СОС Детското село и деца - членови на Детските работилници при Детската амбасада. Работилниците траеа по 4 часа дневно при што за децата беше обезбедена и ужина. Децата на работилниците научија нови игри со кои можат да го пополнат своето слободно време, а научија и работи поврзани со извидништвото. Секако дека најголема придобивка за децата беше дружењето.
- **Септември**-Во рамките на ликовната работилница, сите деца членови учествуваа во две ликовни акции по повод подготовка на новогодишни

честитки. Првата ликовна акција беше со тема Космофон и децата од Меѓаши цртаат новогодишни чеситки. Цртежите учествуваат во избор на новогодишна честитка што Космофон ќе ја праќа на своите партнери и корисници по повод Новогодишните празници, а воедно цртежите ќе учествуваат и на новогодишна изложба во салоните на Космофон. Втората ликовна акција беше со тема Децата од Меѓаши цртаат новогодишни честитки. Најдобрите цртежи беа одбрани за изработка на новогодишни честитки.

- **Октомври-**Во соработка со локалните заедници, овојпат општината Ѓорче Петров, реализиравме посета на трите детски градини, кои се наоѓаат на подрачјето на општината и одржавме работилници по оригами. Во самата реализација беа вклучени 90 деца на возраст од 4 до 6 години и 12 воспитувачки. Работилниците по оригами ги водеше Јулијан Кашовски, оргами мајстор.
- **Октомври**-Јулијан Кашовски-оригами мајстор, Красимир Трајков-филателист, Татјана Јаневска-координаторка на Детските работилници заедно со 13 деца членови на работилните беа гости во училишната емисија Ѕвон**,** во редакција на Македонска телевизија. Поводот беше врзан за претходната Детска Недела и 9 Октомври, денот на поштата. Учествувавме со содржини од работилниците по оригами, применета уметност и литературно-драмска-бонтон. Со цртежи, песни и предмети кои беа обработувани во текот на Детската Недела, а врзани за темата детски права.
- **16 Октомври**-25 деца членови на работилницата по англиски јазик, со термин во вторник, заедно со нивните родители, го посетија Американ корнер (Американско катче) на т.н. Ден за прикажување на детски видео филмови, кој беше иницирани од нивна страна, а на **31 октомври**, 6 деца го посетија Американскто Катче, да присуствуваат на забавата за празникот Halloween.
- **3 Ноември**- Open fun football school на децата од Детските работилници им приредија незаборавно спортско попладне со богата програма од спортски колективни игри за здрав и правилен развој на децата. Беа присутни повеќе од 40 деца, кои на спортскиот терен дојдоа со своите родители. Спортската игра и забава заврши со ужинка, а организаторите за спомен на децата им подарија термос со логото на Open fun football school.
- **16 и 17 Ноември**-Детските работилници учествуваа на 6-от НВО саем, со мотото Еднакви можности за сите. Децата членови на Детските работилници учествуваа во група деца кои покажуваaa пример за најтешките форми на злоупотреба на детскиот труд. На самиот штанд децата учествуваа во работилниците по оригами, применета и ликовна уметност. Децата беа присутни и со своите родителите кои активно се приклучија во севкупната програма. После учеството на саемопт сите деца кои беа присутни на активностите имаа можност да поминат неколку часа во игра во забавниот Action park. Меѓу другото цртежите што беа изработени на самиот штанд на саемот, беа изложени во просториите на спортско рекреативниот забавен парк-Action park.
- **25 Декември**-беше организирана новогодишна приредба со која што свечено се одбележа работата во првото полугодие на сите работилници.

Приредбата се изведе во ОУ Љубен Лапе, кое ни беше училиште домакин. Присуствуваа повеќе од 100 деца со своите родители и семејства. Секоја работилница се претстави со своја точка. Рецитации, песни, драми, хумор и квиз. А крајот на приредбата го крунисавме со пакетчиња за сите деца членови на Детските работиници кои беа донирани од АД Македонски Телекомуникации.

Детските работилници во 2007 година беа координирани од Татјана Јаневска.

## *Глобална недела на акција 2007 "Придружете се –Образование сега"*

Светската кампања за вклучување на децата во училиште „Global Campaign for Education" е активност која ја спроведуваме секоја година почнувајќи од 1999 година. Оваа акција на меѓународно ниво е координирана од страна на Global March Against Child Labor, додека национален координатор кај нас е Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

Кампањата се спроведува веќе седум години и ќе трае до 2015 година, кога треба да се добијат резутатите од сите реализирани кампањи до тогаш, а се однесуваат на вклучување на сите деца во образование, овозможување на бесплатно образование, бесплатни учебници за секое дете, доволен број на квалификувани наставници, задолжително и квалитетно образование. Оваа година 2007 акцијата се организираше под мотото „ПРИДРУЖЕТЕ СЕ Образование сега",со потсетување дека образованието е задолжителна законска обврска и основно Човеково Право, и потсетување на владите и меѓународната заедница за исполнување на нивните ветувања за овозможување бесплатно и задолжително основно образование за сите луѓе особено за децата, чиј бројка во Македонија над 18.000 илјади.

Кампањата беше поддржана од следните основни училишта и општини низ Републиката: „Војдан Чернодрински'', „Петар Поп Арсов'' , „Димо Хаџи Димов'', „Ј.Х.Песталоци'', „11 Октомври'', „26 Јули'',„Крсте Мисирков'', Браќа Миладиновци" , „ Кирил и Методиј'', „ Блаже Коневски'', „ Кузман јосиифовски Питу'', „ Јане Сандански'', „ Борис Кидрич'', „ Ѓорче Петров'', „Јан Амос Коменски'', „ Вера Циривири Трена'', „ Братство'', „Васил Главинов" , „Блаже Конески", „Св.Кирил и Методиј" – „Благој Кирков" , „ЈХК Џинот" од Велес, основните училишта- „Гоце Делчев'', „Кирил и Методиј'', „Лирија'' од Тетово, основните училишта -„Кочо Рацин'', „Бајрам Шабани'', „11 Октомври'', „Крсте Мисирков'', „Браќа Миладиновци'', од Општина Куманово, основното училиште „Никола Парапунов'' од Виница, потоа Општина Крива Паланка, Општина Боговиње, Општина Могила, Општина Росоман, Општина Штип, Општина Неготино, Општина Кратово, Општина Битола, Општина Македонски Брод, Општина Валандово, Општина Неготино,

Општина Лозово, Општина Ресен, партнерските организации Ел Хилал, Сончогледи, Мир , исто така од МВР и други јавни институции, како и јавни личности, а главни поддржувачи на кампањата беа Global March Against Child Labor и Космофон.

Главниот настан на кампањата во кој учество земаа над 6000 илјади деца, беше формирањето „ЛАНЕЦ" од деца кои се држеа за раце на Градскиот плоштад-Македонија во Скопје, на плоштадите во Тетово, Велес, Куманово и останатите градови низ Републиката.

Оваа година за првпат кампањата се документираше со видео запис од хеликоптер и тоа во градовите Скопје, Велес, Куманово и Тетово, истовремено се фрлаа и летоци за кампањата , а децата носеа капи испечатени на три јазици македонски, албански и ромски, со мотото ПРИДРУЖЕТЕ СЕ! Право на образование сега. За самата кампања беше направен и видео спот снимен во три верзии (на македонски, албански и ромски јазик). Видео спотот беше прикажуван секојдневно и сеуште се прикажува од страна на медиумите Алсат, МС, Шутел, БТР, Канал 5, МТВ.

Поддршка за кампањата дадоа и на Претседателот на Република Македонија, г-дин **Бранко Црвенковски**, г-дин **Никола Груевски**, од Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г-дин **Иван Атанасовски**,од Државниот Секретар на Министрeството за труд и социјална политика г-дин **Душко Миновски** , како и од Претседателот на СОНК **Дојчин Цветановски** кои потпишаа гаранција со која „**Потврдуваат дека ќе се залагаат да се оствари правото на секое дете да оди во училиште**".

Глобалната недела на акција беше координирана од Александар Гумберовски.

## *ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА*

На 13 јули потпишавме договор за соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија во спроведувањето на проектот Социјална заштита на децата на улица кој подразбираше отворање Дневен центар за деца на улица. На почетокот на септември 35 деца од т.н. Картон маало и Кланица почнаа да го посетуваат Дневниот центар каде можеа да се бањаат, добиваа чиста облека, ужина и присуствуваат на работилници за развој на социјални вештини и интерактини работилници за правата на децата преку игра и забава. Се воспостави и контакт со семејствата на децата и беа информирани за активностите на Центарот. За оние семејства кои имаа проблеми со регистрирање на децата во матичната книга, започнаа процедури за решавање на тој проблем. Покрај овие активности ние се обидовме да ги мотивираме родителите да ги вклучат децата во образование, но и да им дадат поддршка за надминување на проблемите во училиште за децата кои веќе го посетуваат. За спроведување на активностите се оддржаа состаноци за соработка со Дневниот центар за деца на улица од Кисела Вода, Здружението за заштита на правата на децата, НВО Сончогледи, МВР-полициска станица Ново Лисиче, училиштата во општина Аеродром, ОБСЕ и Општина Аеродром.

Покрај финансиската поддршка од Министерството за труд и социјална политика и просторот даден на Меѓаши на користење без надомест од Министерството за одбрана, Дневниот центар доби поддршка и од СП Маркет, ВИВА сокови и Генел.

Дневниот центар за деца на улица активно работеше до крајот на 2007 година. Иако на почетокот беа регистрирани 35 деца во центарот до декември редовно го посетуваа 20 деца на возраст од 5-14 години и доаѓаа од т.н. Картон Маало во Ново Лисиче и Кланица во населба Аеродром.

Покрај посетата на Дневниот центар децата беа учесници на неколку насатани. На 3-ти ноември во соработка со Open Fun Football School беше организирана спортска манифестација на игралиштето на Детскиот дом 11 Октомври за децата од Дневниот центар и децата од Детските работилници при Детската амбасада. На манифестацијата децата поделени во различни групи беа дел од неколку олимписки игри.

Наредно случување беше 6-от Саем на НВО на кој децата беа дел од социо-културен настан и ги презентираа најлошите форми на злоупотреба на детски труд. По настанот во соработка со Action Park за децата бесплатно беше овозможена неколку часовна забава.

Крајот на 2007 година за децата се заокружи со новогодишна забава со магионичар во соработка со Космофон каде на децата им беа поделени и новогодишни пакетчиња.

Дневниот центар за деца на улица беше координиран од Воскре Наумоска.

## *ДЕТЕТО-СВЕДОК КОЈА БАРА ПОСЕБНА ГРИЖА*

Од септември 2007 година Детската амбасада Меѓаши се вклучи во реализацијата на регионалната програма "Childhood without abuse – towards a better child protection system in Eastern Europe". Оваа програма е започната од 2005 година и ќе трае до 2009 година.

Секоја година има посебна област на која се работи па така:
-2005 темата беше превенција од злоупотреба на деца,
-2006- дијагноза и терапија на злоупотребени деца,
-2007 година - законска заштита на децата и нивните семејства односно "Child-witness with special needs",
-2008- згрижувачки семејства како форма на заштита на децата без родителска грижа,
-2009- интердисциплинарна помош за злоупотребените деца.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши беше избрана од носителите на програмата - Nobody's Children Foundation од Полска да биде Национален Координатор за Македонија. Во средината на септември беше потпишан и официјалниот договор за соработка. Во рамките на овој проект се направи

адаптацијата на постерот "Почитуван суде, се плашам" и брошурата "Јас одам во суд" и се очекува до крајот на јануари да бидат испечатени. Постерот и брошурата ќе бидат дистрибуирани до судовите и полициските станици бидејќи се наменети токму за професионалците кои работат со деца сведоци. Покрај тоа започната е изработка на експертиза за состојбата со децата сведоцци во Македонија.

Во рамките на овој проект исто така беше овозможено учество на две Конференции:

-8-10 ноември во Рига, Конференција на тема **"Децата учесници во законските процедури во Источна Европа".** На Конференцијата имаше учесници од 8 земји меѓу кои и четворица претставници од Македонија: Воскре Наумоска-Програм Асистентка во Детската амбасада, Славе Николовски- Координатор на бесплатна правна служба во Детската амбасада, Василка Божиновска-Судија за малолетници во Основен Суд Скопје 1 и Злата Јанчоска-Социјален работник во Меѓуопштински центар за социјална работа. Целата на Конференцијата беше презентирање техники и методи со цел подигнување на свеста за потребата од посебна заштита на децата кои се учесници во законските процедури, промоција на child-friendly интервјуто како и други нови пристапи во работата со децата сведоци.
- На 11-та Регионална Европска Конференција на ISPCAN (International Society for Prevention of Child Abuse and Neglect) која се оддржа од 18-21 ноември во Лисабон учествуваше Воскре Наумоска-Програм Асистентка во Детската амбасада-Меѓаши. Темата на Конференцијата беше **"Превенција од злоупотреба и запоставување на децата-улогата на заедницата, семејствата и професионалците"**, а учеството на Конференцијата беше дел од активностите во рамките на проектот"Детето сведок која бара посебна грижа".
Во спроведувањето на проектот од почетокот добиена е поддршка од Министерството за внатрешни работи, Министерство за правда и Здружение на судии. Нивните логоа ќе бидат на брошурата како наши поддржувачи во спроведувањето на овој проект.

Координаторка на овој проект беше Воскре Наумоска.

## *ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО*

Со цел да се даде придонес кон транспарентноста на работата на граѓанските организации, како придонес кон подобрување на ефективноста на граѓанскиот сектор, група граѓански организации, 7 членки на Граѓанската платформа на Македонија меѓу кои и Детската амбасада, на 1 септември доброволно по третпат да ги објавија годишните извештаи, вклучувајќи ги финансиските извештаи со независните ревизорски мислења по тие извештаи за 2006 година. Ивештаите и ревизорските мислења беа објавени во дневните весници Дневник и Факти. Објавувањето го прават доброволно, бидејќи немаат законска обврска, но сметаат дека имаат морална обврска пред јавноста да дадат отчет за своето работење. Најчесто тоа се практикува (а и е законска обврска) во деловниот сектор. Дополнителна мотивација за продолжување на традицијата е

поставување на повисоки стандарди пред себе си и пред другите. Овие стандарди неминовно ќе биде потребно да ги задоволиме и да ги подигнуваме на повисоко ниво во напорите за интеграција на нашата земја во Европската Унија. Активноста **“Заедно за транспарентност”** беше дел од проектот “Поддршка на национален форум/платформа за граѓанско општество”, финансиран од ЕУ и раководен од ЕАР, а се спроведе со финансиско учество на сите вклучени организации.

Годишниот извештај и независното ревизорско мислење на Амбасадата Мегаши може да ги преземете од нашата интернет страница www.childrensembassy.org.mk

## *ПРОСЛАВА НА 15-ОТ РОДЕНДЕН НА ДЕТСКАТА АМБАСАДА*

На 3 мај 2007 година свечено ја одбележавме 15 - годишнината од нашето функциони-рање. Местото на одржување беше во преубавиот простор на Драмскиот театар. За време на овој значаен настан за нас беше прикажан документарниот филм за работата на нашата амбасада во изминативе 15 години, изложба на фотографии и написи од печатот, како и презентација на предмети изработени од децата, активно вклучени во детските работилници. Манифестацијата беше водена од г.Коле Ангеловски, Амбасадор на Детската амбасада - Меѓаши, Стефан Плескоњиќ, Дете Амбасадор и г-ца Фросина Пандурска, асистентка за односи со јавност во Детската амбасада - Меѓаши. На овој настан земаа учество поддржувачи, пријатели, соработници и волонтери со кои соработуваме 15 години.

Првата детска амбасада во светот е меѓународна граѓанска организација основана на 29 Април 1992 година во Скопје. Детската Амбасада Меѓаши се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и преку збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето во Република Македонија развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето. Во текот на овие **15 години Амбасадата** со своите активности придонесе во развивањето и јакнењето на граѓанската свест за детските права. Таа го сруши молкот за детските страдања, особено за физичката, сексуалната и економската злоупотреба на децата, откривајќи во јавноста повеќе случаи на злоупотреби и директно ангажирајќи се за воспоставување поефикасни механизми за заштита на децата.Во изманатите **15 години** се постигнати значајни резулатати, меѓу кои прифаќање на децата бегалци по започнувањето на кризата во Босна и Херцеговина, Косово и Македонија, отварањето на детските работилници, отварање на бесплатниот СОС телефон за деца и млади и психолошко советувалиште, спроведување на кампањи за заштита и спречување на насилствата врз децата, бесплатна правна помош како и многу други значајни резултати и активности кои ке бидат спомнати во **монографијата** која е во подготовка и ќе биде издадена по повод **15-годишнината** во 2008 година. По повод издавањето на монографијата Детската амбасада упати повик за поддршка на издавањето на монографијата. Во 2007 година поддршка за

монографијата добивме од следниве компании: Еуролинк осигурување, Комерцијална банка, Стопанска банка, Акцент медиа, Космофон, Академик Д-р Жан Митрев – Филип Втори, Брима Галуп, Д-р Пановски, University American College.

## *ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА*

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши во рамките на Граѓанската Платформа на Македонија, во 2007 година продолжи со спроведувањето на програмата "Поддршка на националниот граѓански форум/платформа", финансирана од Европската агенција за реконструкција. Во рамките на оваа програма беа спроведени следните проекти: ***"Промоција на волонтеризмот", "Промоција на позитивни примери на граѓанското општество во Македонија", "Заедно за транспаретност", "Соработка со деловниот секторот" и "Промоција на Законот за донации и спонзорства на јавни дејности".*** Овие проекти беа координирани од Александар Гумберовски и Орхан Усеин.

✓ Проектот **"Промоција на позитивни примери на граѓанското општество во Македонија"** имаше цел зголемување на одржливиот развој на граѓанските организации во Република Македонија и подобрување на нивниот имиџ, како и подобрување на видливоста на резултатите од работата на граѓанските организации преку публикување на нивните најуспешни активности. За таа цел беше упатен повик до сите граѓански асоцијации за пријавување позитивни примери од нивната пракса кои послужија за подготовка на двете едиции на публикацијата "Промоција на позитивни примери". Оваа публикација има за цел зголемување на видливоста на резултатите од работата на граѓанските организации преку публикување на нивните најуспешни активности. Во повикот конкурираа сите граѓански организации во Република Македонија кои имаат спроведено активности со кои сметаат дека постигнале значајни резултати во одредена област (во последните 15 години). Врз основа на овој повик работната група на Граѓанската платформа на Македонија избра 40 најдобри практики од граѓанското општество и истите беа промовирани во две изданија. Промоциите беа одржани во Скопје и Прилеп, како и за време на 6-от НВО саем. Публикациите беа дистрибуирани и до владините институции, граѓанските организации, пратениците и министерствата на РМ, амбасадите, локалната самоуправа, бизнис секторот и медиумите.

✓ Главен исход на проектот **"Промоција на волонтеризмот"** е публикацијата на Водич за волонтирање, како и негова промоција низ универзитетите на Република Македонија. Подготовката на самата брошура одеше во неколку фази, во кои беа вклучени надворешни соработници, фокус група (волонтери/ки и студенти/ки), како и поголем дел од тимот на Детската Амбасада- Меѓаши. Целта која сакаме да ја постигнеме е да се направи волонтирањето повидливо, да се зголеми нивото на информираност, како и подигнување на јавната свест за значењето и важноста на волонтерската пракса, со што ќе се отворат нови можности за волонтирање. Водичот ќе помогне во изнаоѓање форми на сопствена партиципација на младите и студентите во граѓанското општество и во процесот на донесување промени. Водичот не е

непроменлив, може да се менува и дополнува како што волонтирањето во Македонија ќе се менува и развива. Како целна група на која треба да се обрати самиот "Водич за волонтирање" се студентите од Р. Македонија, поради што и промоцијата на истата се оддржа на универзитетите во Македонија. На 30 октомври беше одржана првата промоција на водичот за волонтирање на Универзитетот Југоисточна Европа во Тетово, а на почетокот на месец ноември се оддржаа уште три наредни промоции, и тоа на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во Штип, како и на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола. Финалната промоција беше одржана на НВО саемот на 16 ноември 2007. Промоциите се одржуваа пред се на студенти, на кои воедно бесплатно им се делеше примерок од водичот на македонски и на албански јазик. Промоциите се одржуваа пред се на студенти, на кои воедно бесплатно им се делеше примерок од водичот на македонски и на албански јазик. За секоја промоција беа обезбедени повеќе од 3 000 примероци (вкупниот тираж изнесува 15 000) кои воедно се делеа и пред факултетите од страна на волонтери.

✓ Со цел ефективна примена на **<u>Законот за донации и спонзорства на јавните дејности</u>** како и можност за поддршка на активности на граѓанските организации кои се од јавен интерес, беа организирани консултативни состаноци и работилници. Во месец јануари во Велес се одржа работилница за Законот за донации и спонзорства од јавни дејности. На работилницата беа присутни претставници од повеќе граѓански организации мегу кои и претставници од Детската амбасада Меѓаши**.** Гости-експерти на работилницата беа г- дин Славко Лазовски како претставник од Министерството за финансии и г-дин Борче Смилевски, кои ги образложија придобивките кои ќе следат со имплементацијата на овој Закон. Консултативни состаноци се оддржаа во Тетово, Охрид, Струмица, Гевгелија, Дебар и Струга. Воедно на состаноците беше презентиран Законот за донации и спонзорства на јавните дејности, неговата целосна имплементација, се дискутираше за прашања кои се од заеднички интерес, како и за важноста на развојот на филантропијата во Република Македонија. На состаноците учествуваа локални здруженија на граѓани, претставници на локалната самоуправа, бизнис секторот и локалните медиуми. Состаноците беа одржувани под стручно водство на Славко Лазовски, раководител на одделението за индиректни даноци при Министерството за финансии, М-р Драги Змијанац, извршен директор на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, Зоран Богдановски, координатор за институционална поддршка при Центарот за институционален развој – ЦИРа и Орхан Усеин, сениор менаџер на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши.

Покрај работилниците и состаноците во рамките на проектот беше издадена публикација од Детската амбасада- **Водич за примена на Законот за донации и спонзорства и други даночни закони**, кој ќе им користи на сите граѓански здруженија во обезбедување на нивните активности кои се од јавен интерес, потврдени од страна на Министерството за правда. Прирачникот има и осврт кон процесот на склучување договор за донација со бизнис партнери, како и препораки за неговата практична примена. Истиот опфаќа и неколку други даночни закони потребни на граѓанските организации, како данокот на добивка,

данокот на додадена вредност, данокот на наследство и подарок и странските донации. Промоцијата за Водичот за примена на ЗДСЈД и другите даночни закони ќе се оддрши во јануари наредната година.
Овој проект го спроведуваа Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и Центарот за институционален развој – ЦИРа.

- ✓ Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, во соработка со Центарот за институционален развој – ЦИРа, ја спроведуваше активноста **<u>“Соработка со деловниот секторот“</u>**, чија главна цел беше поефективна кооперација помеѓу граѓанскиот и бизнис секторот. Впрочем, беа оддржани две работни средби, во Скопје и Припеп, кои опфаќаа интерактивни дејности со цел запознавање на бизнис секторот со активностите на граѓанските здруженија, придобивките на донирањето и спонзорството на некоја граѓанска организација, како и дискусија за Законот за донации и спонзорства на јавните дејности, неговите значајности и развојот на филантропијата во Република Македонија. Работната средба во Скопје беше оддржана на 19.12.2007, а во Прилеп на 21.12.2007. На средбите двата сектори беа распоредени да седнат во измешан состав, при што секој присутен требаше да се претстави себеси, како и фирмата/организацијата од каде што доаѓа. Потоа следеше дебата која траеше три часа, при што се поставуваа многу прашања и дилеми поврзани со донациите и спонзорствата. Главниот заклучок кои се извлече од средбите беше дека двата сектори, а пред се бизнис секторот, се недоволно запознаени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, што бара и поефективна промоцијата на истиот.

Во рамките на Граѓанската Платформа на Македонија беа организирани неколку саеми: третиот регионален саем во Дебар (30 – 31 март), четвртиот регионален саем во Делчево (25-26 април), петтиот регионален саем во Неготино (14-15 јуни) и шестиот НВО саем (16-17 декември). На сите саеми Детската амбасада зема учество во сите саеми во изложбениот дел, а на 6-от НВО саем учествуваше во неколку настани меѓу кои беше и промоцијата на првата едиција на Позитивни примери на граѓанското општество во Македонија и Водичот за волонтирање- едиции кои се издадени во рамките на проектот “Поддршка на националниот граѓански форум/платформа“.

## *АКТИВНОСТИ ЗА СОБИРАЊЕ СРЕДСТВА И САМООДРЖЛИВОСТ*

Во обид да собереме средства за поддршка на нашите програмски активности, во 2007 година ги организиравме односно учествуваме на следните настани:

**-7-15 февруари**, Детската амбасада– Меѓаши постави свој продажно/ изложбен простор со производи од детските работилници во трговскиот центар Рамстор. Посетителите на нашиот штанд, можеа да одберат привезоци за мобилен телефон и клучеви, украсни саксии за цвеќе, беџови и лепенки со најразлични форми, свеќници, изработени картички и многу различни украси во форма на срце. Сите предмети беа единствени рачни изработки, а поголемиот дел беа

изработени од децата- членови на Амбасадата Меѓаши, во рамките на работилницита по применета уметност. Огромна благодарност упатуваме до **трговскиот центар Рамстор** кој ја поддржа оваа акција, како и до **фаст-фуд ресторанот Аматти –Рамстор (3238- 144)**, кој обезбеди сендвичи за волонтерите на Меѓаши кои учествуваа во самата акција.

-од 01-10 март, Амбасадата Меѓаши имаше изложбено-продажен дел во **трговскиот центар Рамстор**, како дел од саемот за ракотворби.

- За време на **Гаражната Распродажба во Интернационалното училиште НОВА** на 04. март, Амбасадата Меѓаши ги изложи предметите кои беа изработени од учениците во ова училиште.

- ✓ Една од важните активности која ја спроведувавме од **јули 2007 година**, за која треба да се обезбедат средства од локални ресурси, е функционирање на Дневниот центар за деца на улица (за подетални информации за работата на Центарот отворете го линкот Дневен центар за децата на улица). Токму тоа е и задачата на проектот **"Собирање средства од домашни извори за поддршка на Дневниот центар за деца на улица"** на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, кој е одбран за учество во Програмата за грантови за филантропија, во рамките на Проектот за зајакнување на граѓанското општество (ПГЗО).

  Активностите на оваа програма се координирани од Центарот за институционален развој ЦИРа во консултации со ИТЗ и другите партнери во имплементацијата на ПГЗО, а со техничка поддршка од Фондацијата Екополис од Република Словачка. Целта на ПГЗО е јакнење на локалната филантропија која обезбедува широка домашна поддршка за општеството, било да се работи за човекови, материјални или финансиски ресурси. Проектната идеја на Амбасадата Меѓаши беше оценета дека нуди можност за зголемување на разнообразноста на изворите на ресурси и поттикнување на различните форми на домашна филантропија. Центарот за институционален развој ЦИРа организираше и работилница од 2-ри до 4-ти септември, во хотел Дончо во Охрид, на која присуствуваа претставници од сите граѓански организации кои добија поддршка во рамките на Програмата за грантови за филантропија. Учесници од нашата организација беа Невенка Стефановска и Нина Чамински.

  Во рамките на овој проект беа изработени нови касички и поставени на нови локации низ Македонија. Во јануари треба да биде изработен и лифлет кои ќе нудат информации за нашиот Дневен центар, но и ќе ги повикуваат граѓаните да донираат.

-За време на **летната сезона**, Детската амбасада постави штанд за продажба на нашите ракотворби во Охрид. Со поддршка на општината на **град Охрид**, просторот каде го поставивме нашиот изложбен простор ни беше бесплатно отстапен на користење. Во оваа акција учествуваа волонтер(к)и на Амбасадата Меѓаши, за кои беше обезбедено бесплатно ноќевање во хотелот Борик.

- На **IWA Базарот** кој се оддржа на 1 декември беа продавани честитки со мотиви од цртежи на децата членови на Детските работилници, календарчиња-на кои беа испечатени четирите мотиви од кампањата која беше спроведена минатата година "Дали денес го гушнавте вашето дете?" и рачно изработени предмети (свеќници, обетки, магнет букви, рамки, гипсени срца за на ѕид). Детската амбасада Меѓаши доби бесплатен штанд за изложување на предметите. Истите предмети беа продавани и на Nova Family Bazaar кој се оддржа на 2 декември.

-Учествувавме и на Скопски саем кој траеше 15 дена од 14-29 декември каде беа изложени истите предмети како и на претходните два саеми. Штандот што го имавме обезбедено на Скопскиот саем ни беше донација од самиот саем.

**- Во декември** веќе втора година по ред беше спроведена продажба на новогодишни честитки. Новогодишните честитки и оваа година беа изработени од децата според нивната детска фантазија. Средствата кои се собрани од продажбата на честитките ке бидат наменети за **бесплатниот СОС телефон** за деца и млади **0800 1 22 22**, бесплатните **Детски работилници** и останатите активности на Амбасадата Меѓаши наменети за деца. Понудени беа 7 оригинални мотиви на честитки, автентични на детскиот цртеж со минимално обработена компјутерска позаднина. Првите четири мотиви беа дупли и чинеа 25,00 денари со вклучено плико, а пак останатите три мотиви беа единечни и чиена 10,00 денари без плико.

Активностите за собирање средства и самоодржливост беа координирани од Невенка Стефановска и Нина Чамински.

**Сите пари што беа собрани од активностите беа наменти за работата на бесплатниот СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222, Дневниот центар за деца на улица како и Детските работилници.**

## *ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА СИТЕ ДЕЦА ДО МОДЕРНАТА ТЕХНОЛОГИЈА*

Детската амбасада отвори информатички работилници за децата-членови на Детската амбасада, кои претежно се деца од социјално загрозени семејства. Со Бесплатните работиници на 50 деца (во неколку групи) им се овозможува достапност во користењето на информатичките информации. Децата кои учествуваа во работилниците беа поделени во пет групи:

I група (6-9 години) подготвително и почетно ниво-8 деца
II група (9-12 години) напредно ниво-9 деца
III група (4-9 години) подготвително и почетно ниво-10 деца
IV група (4-9 години) подготвително и почетно ниво-10 деца
V група (10-13 години) почетно и напредно ниво-10 деца.

Со проектот е адаптирана просторија од Детската амбасада со цел во неа да се изведуваат работилниците. Во текот на спроведувањето на рботилниците секое

дете имаше свој компјутер на кој работи. Со работилниците исто така е подобрено дигиталното описменување кај децата.

Со оваа активност Македонски Телекомуникации директно ги поддржа активностите на нашата организација, односно стана дел од малата група социјално одговорни компании кои ја помагаат заедницата.

Проектот беше координиран од Александар Гумберовски.

## *УЧЕСТВА НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, КОНФЕРЕНЦИИ*

**Детската амабсада Меѓаши ги организираше следните тренинзи:**

- Како продолжување на досегашните активности на нашата организација со мултиетничките клубови во 5-те средни училишта (ДСУ "Никола Карев", ДСУ "Цветан Димов" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозев" од Скопје, ДСМУ "Никола Штеин" од Тетово и ДСУ "Наце Буѓони" од Куманово), организиравме тренинг на тема "**Соочување со минатото"** од **16. 02. до 18.02.2007** во хотел Климетица - Охрид, наменет за средношколци/ки мотивирани за вклучување во активности за градење на мирот, заштитата на човековите права, еднаквост помеѓу половите, поврзување на различни етнички групи како и зацврстување на нивното меѓусебно разбирање и доверба.

На тренингот учествуваа 20 средношколци/ки од 5 те мултиетнички клубови, групата беше полово и етнички балансирана. Исто така, во неформалниот дел земаа учество 2 професорки кои веќе 4 години се вклучени во Програмата за ненасилна разработка на конфликти спроведувана од Првата детска амбасада во светот.

Целта на тренингот беше да влијаеме на развивање на меѓуетничкиот дијалог и меѓусебната доверба и комуникација; развивање на свеста кај учесниците и учесничките за човековите права преку развивање на свеста за правата на малцинствата и правото на различност; развивање на сензибилитетот на учесниците и учесничките за директно и структурно насилство; конструктивно справување со конфликтите со цел да се превенира насилството, во вид на ненасилна разработка на конфликтите; поттик на учесниците и учесничките за конструктивен ангажман во процесот на градење на меѓетничката соработка во училишттата и пошироко; иницирање за нивно подобро меѓусебно поврзување преку зедничко дејствување во процесот на демократизацијата на општеството.

Тренингот се одвиваше низ интерактивни работилници, преку пленарна, групна и индвидуална работа. Групата имаше висок степен на кооперативност и подготвеност да работи на теми за кои вообичаено не се разговара во нивното опкружување, а се од витално значење за градењето на мирот. Меѓусебната поддршка беше составен дел од процесот на целиот тренинг.

Тренингот го спроведе тренерскиот тим: Блерим Јашари (ЦБС Љоја-Тетово), Ана Битољану (МИРамиДА Центар и Амбасадата МЕЃАШИ-Скопје), Гордана Пирковска-Змијанац (Амбасадата Меѓаши-Скопје), Една од работилниците

беше изведена од страна на Горан Божиќевиќ, тренер од МИРамиДА Центар, Грожњан, Хрватска. Трошоците за тренингот беа обезбедени од Quaker Peace & Social Witness, со поддршка на МИРамиДА центарот, на кои сме им посебно благодарни.

* Од **07-ми до 9-ти септември** во хотел Парк, Охрид одржавме тренинг за професори/ки на тема **"Медијација/посредување во конфликт".** На тренингот учествуваа 15 педагози и професори/ки од пет средни училишта: ДСУ "Никола Карев", ДСУ "Цветан Димов", ДСМУ "Д-р. Панче Караѓозов" и ДСУ "Георги Димитров" од Скопје, како и ДСМУ "Никола Штеин" од Тетово.

Целта на тренингот беше стекнување на знаења за вештините и техниките за посредување при конфликти. Тренингот се одвиваше низ интерактивни работилници, преку пленарна, групна и индивидуална работа. Групата имаше висок степен на кооперативност и подготвеност да работи на темата медијација, а меѓусебната поддршка беше составен дел од процесот на целиот тренинг.

Тренингот го спроведе тренерскиот тим: Дијана Лампен и Џон Лампен, тренери од "The Hope Project" од Велика Британија кои ги пренесоа нивните знаења и вештини на високо професионален начин.

Трошоците за тренингот беа обезбедени од ФОРУМ ЗФД од Германија на кои сме им посебно благодарни, особено на Силке и Игор.

На 24-ти октомври одржавме состанок со истата група учесници од семинарот, при што заеднички заклучок беше дека корисноста од тренингот е посебно забележителна во секојдневната работа на педагошкиот кадар кога се случуваат бројни конфликтни ситуации во училиштата. Беа посочени различни примери на посредување во конфликти кои биле успешно решени. Силке и Игор обезбедија литература за медијацијата и се договоривме наскоро пак да се сретнеме и да се договориме за следните чекори.

**<u>Во 2007 година вработените и волонтерите на Детската амбасада учествуваа на повеќе тренинзи, конференции и студиски патувања:</u>**

* **5-30 Март 2007 година**, М-р Драги Змијанац, основач и извршен директор на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, престојуваше во Брисел преку BNT Програмата, а финансирано од МЦМС (Македоснкиот центар за меѓународна соработка) и ECAS (European Citizen Action Service). За време на тие 20 работни дена оствари средба со 28 одговорни лица на европски институции и релевантни граѓански организации, мрежи и фондови. Оствари средби и со одговорни лица во Европскиот парламентт, Европската комисија, Европскиот економски и социјален совет, а ја посети и мисијата и амбасадата на Македонија во EU. Еве неколку од средбите кои се остварени:

    - Средба со членовите на работниот тим во ECAS водена од Tony Venables, директор на ECAS

- Doris Pack MEP- Член на Европскиот Парламент,
- Н.Е.Проф.Д-р Блерим Река-Амбасадор и одговорен за мисијата на Македонија во Европската Унија
- Etienne de Perier-Political Desk Officer во Европската Комисија
- Marta Cygan-Deputy Head во кабинетот на Комесарот Danuta Huber, член на Европската Комисија
- Regula Heggli-Координатор на Контакт групата за Граѓанско општество
- Jana Hainsworth –Генерален Сенретар на EURO CHILD
- Laura Gehrke и Асистентката Lissy Groner MEP членови на Европскиот Парламент
- Kristin Heinrich -Amnesty International, Executive Officer за Заеднички надворешни и безбедносни полиси и Соседски земји
- Loic Defaye-Administrator во Секторот за Надворешни врски, Европскиот Социјален и Економски Комитет, Контакт групата за Запден Балкан
- Joachim Ott, Акции против дискриминација/Граѓанско општество, Европска Комисија
- Claire Ivers, Advocacy Coordinator-Human Rights Watch,
- Michael Morass, Deputy Head во одделот за Надоврешни врски,
- Emilie White –Јавни работи и Project Officer на Европската детска мрежа EURONET

Во Брисел М-р Драги Змијанац зеде учество и на форумот-The Balkan in Europa:Why, When and How?, организиран од Европскиот Центар за Политика и Фондацијата King Baudouin.

Според М-р Драги Змијанац, средбите му помогнале да дознае како функционираат институциите на ЕУ, дознал за програмите и грантовите за граѓанскиот сектор, како и улогата што ја има граѓанскиот сектор во периодот на приближување на Македонија како кандидат земја во ЕУ. Го сфатил и значењето на исполнувањето на сите очекувања и стандарди кои треба Македонија да ги исполни, а во што многу може да помогнат граѓанските организации.

* Од **23-25 јули 2007** во Бугарија, се одржа Глобален Марш Против детски Труд: пан-Европска и Евро-Медитеранска Регионална Конференција. На Конференцијата беа донесени заклучоци за идната работа и активности на движењето на Global March. Првата детска амбасада во светот - Меѓаши е членка на Global March од 1999 година.

* Мултикултурниот летен камп за млади и оваа година се одржа од **19.07 до 29.07.2007** во Бачки Моноштор, Сомбор, каде наши волонтери учествуваа веќе по трет пат. Кампот беше организиран од Црвен Крст Сомбор и Gemeinden Gemeinsam Bodensee-Rhein. 70 учесници; 7 земји; дружење; музика и безброј незаборавни пријателства ...се зборови кои моќата да ги опишат десетте дена поминати во Сомбор. Петмина волонтери од Амбасадата Меѓаши беа дел од "кампот за културна размена и толеранција", **Азрет Јакупи, Елена Дамјановска, Кристина Најдовска, Медина Алиловска и Жарко Радически**.

За да ја доживеат вистинската атмосфера на камп, учесниците беа сместени во шатори и имавме распоред за активностите во текот на целиот ден. Секој ден посетуваа работилници како што се: анимиран филм, музика, татар, танц, шијатцу масажа, цртање, куклен театар. Во попладневните часови имаа можност да посетат дополнителни активности, како на пример: масажа, јога, салса, германски песни, унгарски јазик, discussion table, pixilation.

* Нашата волонтерка Катерина Коневска, учествуваше на Регионалниот Тренинг за Градење на Граѓанско општество, кој се одржа од **11-13 јули** во Тирана. На овој тренинг, учествуваа триесетина претставници од граѓански организации од Македонија, Албанија и Косово.

* Од **19-20 септември** во Хотел Бистра, Маврово во рамките на **"Проектот за зајакнување на капацитетите на граѓанското општество"** финансиран од USAID, а спроведуван од ИТЗ во партнерство со ЦИРа, МИМ и ЕЦНЛ се одржа обука со работен наслов **"Техники за прибирање на средства од локални извори"** на која присуствуваа претставници од повеќе граѓански организации од Македонија меѓу кои и претставник од Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, Нина Чамински.

Главните прашања кои ги разгледувавме за време на семинарот се следните: Инструменти за прибирање финансиски средства од поединци и претпријатија, Кампањи за прибирање финансиски средства (медиуми, директна пошта итн.), Принципи на донаторска пирамида, Развивање на членска база, Настани за прибирање финансиски средства, Донаторска психологија, Етички прашања поврзани со примањето и давањето донации и др.

Сите теми беа поткрепени со размена на практични искуства од присутните и обучувачите и интересни симулации кои потоа беа детално анализирани и извлечени поучни заклучоци. Особено би ја истакнала симулацијата на можеби еден од најбитните чекори во прибирањето средства, а тоа е разговорот со лицето од кое бараме донации, независно дали е индивидуален донатор или претставник на претпријатие. Од оваа симулација извлеков многу корисни заклучоци за донаторската психологија и етика, кои ќе ми помогнат во натамошната работа.

Обуката ја спроведуваа обучувачи од Центарот за филантропија од Словачка, чија цел беше да ги пренесат своите теоретски и практични знаења кои се базираат на нивните лични искуства од работата со граѓанските организации во Словачка.

*Првата Детска амбасада во светот – Меѓаши беше поканета како учесник на семинарот **"Децентрализација во Социјалната политика: Предизвиците на политиките за социјална инклузија на локално ниво"** кој се оддржа на **25-ти септември** на Универзитетот Југоисточна Европа. Овој семинар го организираше Европската Комисија односно Генералниот Директорат за

вработување, социјални работи и еднакви можности. Свое изложување имаа Ерван Фуере, претставници од ЕУ, Министерството за труд и социјална политика, Министерство за здравство, невладини организации и градоначалници. На семинарот беше дискутирано и за местото на децата во политиките за социјална инклузија, односно беше разговарано за сиромаштијата и ефектот која таа го има врз децата. Како учесници во овој дел беа повикани Првата детска амбасада во светот-Меѓаши и UNICEF. **Презентацијата на Детската амбасада беше на тема "Децата и сиромаштијата"**, а презентер беше М-р Драги Змијанац. Во презентацијата беше истакнато дека феномените поврзани со сиромаштијата и децата, како што се злоупотребата на детскиот труд и децата на улица, може да се решат доколку сите деца се вклучат во образовниот процес. Затоа сите треба да се залагаме и да им овозможиме полесен пристап на оние деца кои се надвор од образованието.

* Во Варшава, Полска од **16 до 17 Октомври** на тема: "Keeping children and young people safe on-line". Присуствувавме 280 делегати засегнати со овој проблем. Поголем дел од презентациите беа прикажани од страна на британските претставници од граѓански организации кои активно ги следат проблемите на децата кога станува збор за интернет или мобилна телефонија. Покрај нив учество имаа и домаќините од Полска (Nobody's children's foundation & NASK), како и од Шпанија, Чешка и Америка.

На почетокот на првиот ден од конференцијата имаше кратко претставување на програмите за едукација на децата за безбедност на интернет по што следуваа 4 сесии кои обработуваа различни теми: работа со злоставувачи и нивното однесување, безбеден интернет во школите, игри на интернет и работилница за Интернет сервис провајдерите. Учество на работилницата за безбеден интернет во училиштата б зема претставникот на Детската амабасада. На таа работилница делегатите од Велика Британија и Полска ги презентираа своите проекти, web страни и реклами, преку кои ги информираат децата за нивната заштита.

Вториот ден беше резервиран за правниот дел и законите. Повторно следува сесии со следните теми: интернет линии за помош, зависност од интернети работилница која ги разгледуваше законските регулативи. Работилницата за Интернет линиите за помош беше изборот на Елена Дамјанова. На оваа работилница, претставниците од Америка, Чешка и Шпанија детално ни го презентираа нивниот начин на работа и соработка со другите институции, преку кои одлично функционираат Интернет линиите за помош.

* Извршниот Директор на Детската амбасада Меѓаши, М-р Драги Змијанац, учествуваше на **студиското патување** во Словачка, кое беше спроведено од **4 до 10 ноември 2007 година**, од ЦИРа во рамките на Проектот за зајакнување на граѓанското општество во Македонија, финансирано преку УСАИД. Во рамките на студиското патување беа посетени граѓански организации во Словачка, кои имаат слично поле на интерес како и нашата организација.

Најголем впечаток на М-р Драги Змијанац му остави граѓанската организација ***Усмев ако дар*** која води грижа за децата од детските домови во Словачка.

## *ПАРТНЕРСТВА, ДОНАЦИИ, СПОНЗОРСТВА*

- На 27. Април 2007 год. Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и **Мобилниот оператор Космофон** потпишаа договор за партнерство. Предмет на оваа соработка беше поддршка на активностите и програмите на Амбасадата Меѓаши во текот на 2007 година, со покривање на еден дел од потребните финансиски средства за следните активности:15-гошнината на Амбасадата Меѓаши, Кампања за вклучување на сите деца во образованието, Детски Работилници, Бесплатна Правна Служба и дел од другите програмски активности.

- Во текот на месец јули го потпишавме првиот договор за донација од јавен интерес, согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.
  Трговското друштво за производство, услуги и промет **"ГЕНЕЛ Филип"ДОЕЛ** Скопје и Првата детска амбасада во светот – Меѓаши потпишаа договор за донација од јавен интерес. Имено оваа компанија во текот на годината ќе ни донира средства за работата на СОС телефонот за деца и млади и бесплатни правни совети во висина од **1 ЕВРО** во денарска противредност од секој купен производ на КАНОН од страна на ГЕНЕЛ Филип дооел. Со вклучувањето во оваа акција, Генел директно ја подржува нашата целна група, но исто така и понатаму го потврдува својот имиџ како социјална одговорна компанија. Решението беше донесено од Министерство за правда на Република Македонија на 20. јули 2007 година.

  Голема благодарност до компанијата Генел!

- **Навивачите на Bolton донираа за децата во Македонија**

  На 20 септември се оддржа средба помеѓу претставници на Детската амбасада и навивачите на Bolton Wanderers, предводени од Lee Williams кои пристигнаа во Македонија за да го поддржат нивниот клуб во натпреварот со Работнички Кометал. Парите собрани од добротворната акција организирана од навивачите на Bolton, беа донирани на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши за потребите на Дневниот центар за деца на улица.

  Навивачите на Bolton организираа добротворна акција со продажба на маици при што беа изработени 200 маици испечатени во Македонија со натпис за претстојниот натпревар. Акцијата започна во средата, траеше до четвртокот, а се продадоа над 100 маици при што беа собрани 73

062,00 денари. Со оваа акција навивачите на Bolton сакаа да го подобрат угледот на англиските навивачи и да создадат добра атмосфера помеѓу македонските и англиските навивачи пред натпреварот.

Во организацијата на акцијата навивачите на Bolton добија голема помош и поддршка од љубителите на Македонскиот фудбал. Еден од организаторите на целата акција беше и Игор Наумовски, уредник на web страната www.MacedonianFootball.com.

- **Добротворна акција по повод 20 годишнината од смртта на Драги Крстевски-Амфи**

Покрај оваа добротворна акција на 19 септември по повод 20 годишнината од смртта на Драги Крстевски Амфи, неговиот син Горан Крстевски и неговата ќерка Лидија Јанакиевска донираат 50 000 денари на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши. Драги Крстевски во текот на својот работен век работеше со децата и токму таа љубов кон децата е поттикот за оваа донација.

- **Драги Канатларовски даде свој придонес во борбата против педофилијата**

Како завршеток на добротворните акции за овој период поранешниот фудбалер, Драги Канатларовски на 18 октомври донираше 17 000 денари на Детската амбасада. Мотивот за оваа донација е зголемениот број на случаи на педофилија, па Драги Канатларовски ги донираше овие пари за бесплатниот телефонски број за деца и млади 0800 1 2222, бесплатната правна служба и психо-социјалното советувалиште преку кои Детската амбасада ја реализира борбата против педофилијата.

- **Дедо Мраз додели новогодишни пакетчиња на 484 деца**

- **Донација на новогодишни пакетчиња (369) во партнерство со Македонски Телекомуникации**

Првата детска амбасада во светот-Меѓаши во партнерство со Македонски Телекомуникации на 24 декември организира акција за дарување новогодишни пакетчиња. Пакетчињата беа дарувани на деца од Детската амбасада, односно на децата од Детските работилници и од Дневниот центар за деца на улица, на децата од ПОУ Златан Стремац и децата од Друштвото за помош на деца со аутизам.

По повод доделувањето на новогодишните пакетчиња на 24 декември беа организирани две приредби една во ПОУ Златан Стремац и една во просториите на ОУ Љубен Лапе за децата од Детската амбасада и децата од Друштвото за помош на деца со аутизам. На приредбите беа присуствува претставници од Македонски Телекомуникации.

- **Дарување пакетчиња (60) во партнерство со Канал5**

  Првата детска амбасада во светот-Меѓаши во партнерство со Канал 5 денеска дарuваа новодогишни пакетчиња на 60 деца кои посетуваат настава во предучилишно воспитание во Центарот за поддршка на образование на Роми “КХАМ”-Куманово.

  По повод доделувањето на новогодишните пакетчиња беше организирана приредба во просториите на “КХАМ”. Сите деца кои добија пакетчиња потекнуваат од социјално загрозени семејства и со големо воодушевување го пречекаа Дедо Мраз. Во нивните очи се гледаше радост и исполнетост бидејќи на овој ден почувствуааа дека има некој кој мисли на нив и не ги заборавил.

  На приредбата беа присутни и претставници од Канал 5 Телевизија.

- **Новогодишни пакетчиња (35) дарувани во партнерство со Космофон**

  И Космофон во партнерство со Детската амбасада подари пакетчиња по повод новогодишните празници. Тие им го разубавија денот на 35 деца од Дневниот центар за деца на улица кој функционира во рамките на Детската амбасада. Покрај доделувањето на новогодишни пакетчиња Космофон организираше и кратка претстава со магионичар за децата.

- **Партнерство за новогодишните празници е остварено и со Фершпед (20)**

  И Фершпед во партнерство со Детската амбасада обезбеди новогодишни пакетчиња. Овие пакетчиња (20) беа доделени на деца од социјално загрозени семејства токму на 31 декември, последниот ден од старата година.

- **А.Д. Витаминка од Прилеп** ја поддржа промоцијата на Детската амбасада Меѓаши за време на Саемот за НВО преку донација на 10 000 чоколади. На чоколадите имаше одрезок на кој покрај информациите за Витаминака, стоеше логото на Детската амбасада како и бесплатниот телефонски број за деца и млади 0800 1 2222. Чоколадите пред се беа наменети за децата членови на Детските работилници и Дневниот центар за деца на улица кои функционираат во рамките на Детската амбасада, но и за сите посетители на нашиот штанд на Саемот.

Изразуваме голема благодарност до навивачите на Bolton, до семејството Крстевски и Драги Канатларовски за нивната хуманитарна активност и довербата што ја укажаа на ПДАС Меѓаши.

## *НОВИ ЧЛЕНСТВА*

Во 2007 година Детската амбасада стана членка на две меѓународни мрежи **Eurochild и EURONET** и една национална мрежа **Equal.**

Во јули оваа година се приклучивме кон големото европско семејство на **Eurochild.** Eurochild е активна мрежа на организации и индивидуалци кои работат низ Европа за да го подобрат животниот квалитет на децата и младите. Работата на Eurochild се потпира на принципите дефинирани од Конвенцијата на Обединетите Нации за Правата на Детето. Мрежата Euorchild во моментов брои 52 организации – членки.

На **13 декември 2007 година** Детската амбасада-Меѓаши стана дел од големото семејство на European Children's Network-**EURONET** како Придружна членка. ЕУРОНЕТ е коалиција на мрежи и организации кои се заложуваат за детските права и интереси. До сега 34 организации беа членки на оваа коалиција, но сите потекнуваат од земји кои се во Европската Унија. Детската амбасада е првата организација која стана членка на EURONET, а е од земја надвор од ЕУ.
Активностите на EURONET се засноваат на неколку принципи кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето од 1989 година. За повеќе информации посетете ја страната www.europeanchildrensnetwork.eu .

На 9 декември 2007 година, во **2007 година Европска година за еднакви можности на сите**, пред **10 декември, Меѓународен ден на човековите права**, повеќе граѓански организации меѓу кои и Детската амбасада Меѓаши, одржаа прес конференција на која беше промовирана заедничката иницијатива за недискриминација „**Еден до друг – различни, а еднакви**", чии цели се јакнење на свеста за недискриминација и концептот на еднакви можности, донесување на **општ Закон за недискриминација и формирање на независна комисија/тело за заштита на човековите права**.

Граѓанските организации информираа зошто сметаат дека на Македонија и се потребни активности за антидискриминација, што досега е направено во врска со антидискриминацијата и кои ќе бидат следните чекори.

Македонија **нема општ закон за анти-дискриминација**. Ова прашање не е уредено или не е јасно уредено во законите за јавните услуги како: здравствена заштита, образование, социјална сигурност и други услуги, а има и одредби спротивни на меѓународните договори. Македонија со приближувањето кон ЕУ има обврска да донесе општ закон за анти-дискриминација.

Македонија има Закон за еднаквост на жените и мажите и иницијативи како Законот за правата на лицата со хендикеп, кој е во собраниска постапка.

Македонија има законодавство (**Закон за работни односи**) кое забранува дискриминација при вработување и на работното место, врз основа на: расата и бојата на кожата; полот; возраста; здравствената состојба и инвалидност; религиозно, политичко и друго убедување, членување во синдикати; националното (етничко) потекло; социјалното потекло, статусот на семејството

и имотната состојба, половата насоченост или заради други лични состојби. Овие одредби се усогласени со законодавството на Европската унија (ЕУ).

Македонија **нема независно тело за заштита од дискриминација**. Жртвите на дискриминација во јавниот сектор може да се обратат до **Народниот правобранител**.

Жртвите на дискриминација може да побараат судска заштита (во редовните судови), или да поднесат иницијатива до **Уставниот суд** (во случаите на дискриминација врз основа на пол, раса, верска, национална, социјална или политичка припадност), а исто така може да им даде поддршка и граѓанска организација.

Дражавата се обврзала (со национална програма) да донесе општо законодавство за анти-дискриминација до 2009 година. Ние бараме да се донесе **Национална стратегија и општо законодавство за анти-дискриминација во 2008 година** и да се формира **независна комисија за човекови права до 2009 година.**Во иницијативата се вклучени: Полио плус, Центарот за човекови права и решавање на конфликти, Месечина – Гостивар, Асоцијација за демократски иницијативи – Гостивар, Меѓаши, Македонски центар за права на жените, ХОПС, МАССО, МЦМС.

## *СОРАБОТКА НА МЕЃАШИ СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА РОИДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО АУТИЗАМ*

Здружението на Родители на деца со аутизам користат простории на Детската Амбасада Меѓаши од април 2007 година. Повеќе за ова здружение можете да прочитате на http://www.mnza.org.mk или http://autismmacedonia.org.mk.